***ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2011 ГОДИНА

---

**Скопје, март 2012 година**

**С О Д Р Ж И Н А**

**1.**Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ... 2

**2.**ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..3

**3.**ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ..5

**4.**ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . ..5

**5.**Структура на решени предмети . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . ..6

**6.**Начин на одлучување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . .10

**7.**Траење на постапката . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11

**8.**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12

**9.**Структура на решени предмети . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 13

**10.**Начин на одлучување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 13

**11.**Траење на постапката . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .15

**12.**ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. .16

**13.**Начин на одлучување на првостепените совети . . . . . . . . . . . . . . . . . . ... . .17

**14.**Времетраење на постапката на првостепените совети . . . . . . . . . . . . ... . .17

**15.**Начин на одлучување на второстепениот совет . . . . . . . . . . . . . . . . . . ... . .17

**16.**Времетраење на постапката на второстепениот совет . . . . . . . . . . . . . ... . 18

**17.**СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СОВЕТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ... . . 19

**18.**Траење на постапката . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . 19

**19.**РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите) . . . . . ... . . . . . .21

**20.**СЕДНИЦА НА ОДДЕЛИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . ... . . .25

**21.** ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ И ДРУГИ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. . . . . . . . . . . . . . . . .... . 28

**22.**ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . 29

**23.**ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . 31

# ВОВЕД

Врховниот суд на Република Македонија, како највисок суд во Републиката, согласно Уставот на Република Македонија и Законот за судовите, своите функции и надлежности во текот на **2011** година ги вршеше со одлучување по вонредните правни лекови во кривичната и граѓанската област. Врховниот суд на Република Македонија во извештајната година постапувал во прв и втор степен по барањата на странките за заштита на правото на судење во разумен рок, како и по жалби против одлуки на Управниот суд.

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, Седница на судиите, седници на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, а особено за воедначување на судската пракса.

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок и податоци за работата на специјализираните совети.

Прикажани се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

# I. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ

Врховниот суд на Република Македонија во **2011** година постапувал по вкупно **7.524** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот. Во текот на годината решени се **3.489** предмети, а останале нерешени **4.035** предмети по сите основи, од кои **774** предмети кои по начелниот став на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија беа предадени на надлежност на Вишиот Управен суд.

**Одделот за казниви дела** во 2011 година имал во работа вкупно **924** предмети. Од нив **756** предмети се новопримени, а од претходната година останале нерешени **168** предмети. Во текот на годината, советите решиле **785** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **139** предмети по сите основи.

**Одделот за граѓански дела** во 2011 година имал во работа вкупно **3.154** предмет од надлежност на Врховниот суд на Република Македонија во граѓанската област, од кои **1.466** нерешени предмети од претходната година и **1.688** новопримени предмети во текот на годината. Од вкупниот број предмети во работа, советите во овој оддел решиле **1.132** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **2.022** предмети.

**Во Одделот за судење во разумен рок** советите **во прв степен** во извештајната година имале вкупно во работа **1.812** предмети, од кои **182** предмети останале нерешени од 2010 година, а во 2011 година новопримени се **1.630** предмети.

Од вкупниот број предмети во прв степен, решени се **735** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **1.077** предмети.

**Во Одделот за судење во разумен рок, второстепениот совет** надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа имал вкупно **286** предмети. Во текот на годината решени се **267** предмети по жалби, останале нерешени **19** предмети, а **1** предмет е решен на друг начин.

**Во 2011 година специјализираните совети** имале вкупно во работа по сите основи **1.348** предмети, а тоа се жалби против одлуките на Управниот суд, жалби против одлуките на Управниот суд по барањата за донесување на времени мерки и барања за заштита на законитоста во управна постапка. Од нив во текот на извештајната година, решени се **570** предмети, а останале нерешени **778** предмети.

По усвојувањето на начелниот правен став од Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија од 20.12.2011 година во врска со надлежноста на овој суд за решавање по жалба против одлуки на Управниот суд, вкупно **774** предмети се предадени во надлежност на Вишиот Управен суд.

Од тие причини, Врховниот суд на Република Македонија извештајната година ја заврши со вкупно **3.261** нерешен предмет од надлежност на овој суд.

## ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### 1.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**Одделот за казниви дела** во **2011** година, вкупно во работа имал **924** предмети по сите основи. Од нив **756** се новопримени во текот на годината, а од претходната година останале нерешени вкупно **168** предмети.

Советите во Одделот за казниви дела во извештајната година решиле **785** предмети, а на крајот на годината останале **139** предмети по сите основи.






### 1.1.1.Структура на решените предмети

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда -**КВП** вкупно **364** предмети, е следна:

- **45** предмети за кривично дело – **Убиство;**
- **1** предмет за кривично дело – **Убиство од небрежност;**
- **10** предмети за кривично дело – **Телесна повреда;**
- **37** предмети за кривично дело – **Тешка телесна повреда;**
- **2** предмети за кривично дело – **Противправно лишување од слобода;**
- **9** предмети за кривично дело – **Грабнување;**
- **8** предмети за кривично дело – **Клевета;**
- **3** предмети за кривично дело – **Навреда;**
- **10** предмети за кривично дело – **Силување;**
- **1** предмет за кривично дело – **Обљуба врз немоќно лице;**
- **22** предмети за кривично дело – **Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години;**
- **1** предмет за кривично дело – **Обљуба со злоупотреба на положбата;**
- **1** предмет за кривично дело – **Задоволување на полови страсти пред друг;**
- **1** предмет за кривично дело – **Посредување во вршење на проституција;**
- **2** предмети - **Подведување и овозможување полови дејствија;**
- **1** предмет - **Производство и дистрибуција на детска порнографија преку компјутерски систем;**
- **8** предмети за кривично дело – **Затајување;**
- **73** предмети за кривично дело - **Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психоптропни супстанции и прекурсори;**
- **5** предмети за кривично дело – **Овозможување на употреба наркотични дроги;**
- **2** предмети за кривично дело – **Тешки дела против здравјето на луѓето;**
- **2** предмети за кривично дело – **Надрилекарство;**
- **13** предмети за кривично дело – **Кражба;**

- **48** предмети за кривично дело – **Тешка кражба;**
- **52** предмети за кривично дело – **Разбојништво;**
- **1** предмет за кривично дело – **Разбојничка кражба;**
- **22** предмети за кривично дело – **Измама;**
- **5** предмети за кривично дело – **Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем;**
- **1** предмет за кривично дело - **Компјутерска измама;**
- **1** предмет за кривично дело - **Оштетување или повластување на доверители;**
- **5** предмети за кривично дело - **Изнуда;**
- **1** предмет за кривично дело – **Прикривање;**
- **1** предмет за кривично дело - **Гонење на дела меѓу блиски сродници;**
- **1** предмет за кривично дело – **Бесправно градење;**
- **1** предмет за кривично дело – **Оштетување туѓи права;**
- **1** предмет за кривично дело - **Оштетување туѓи предмети;**
- **1** предмет за кривично дело – **Одземање моторно возило;**
- **6** предмети за кривично дело - **Фалсификување пари;**
- **1** предмет за кривично дело – **Правење набавување или отуѓување средства за фалсификување**;
- **1** предмет за кривично дело – **Издавање чек без покритие;**
- **1** предмет за кривично дело – **Злоупотреба на кредитна картичка;**
- **2** предмети за кривично дело - **Криумчарење;**
- **3** предмети за кривично дело – **Царинска измама;**
- **3** предмети за кривично дело – **Даночно затајување;**
- **2** предмети за кривично дело - **Фалсификување или уништување деловни книги;**
- **1** предмет за кривично дело – **Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости;**
- **1** предмет за кривично дело – **Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост;**
- **1** предмет за кривично дело – **Изнесување односно извезување во странство добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости;**

- **7** предмети за кривично дело – **Загрозување на безбедноста во сообраќајот;**
- **60** предмети за кривично дело – **Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот;**
- **1** предмет за кривично дело – **Одземање малолетник;**
- **1** предмет за кривично дело – **Запуштање и малтретирање на малолетно лице;**
- **2** предмети за кривично дело – **Неплаќање издршка;**
- **1** предмет за кривично дело – **Повреда на чувањето на државната граница;**
- **1** предмет за кривично дело – **Помагање на непријателот;**
- **1** предмет за кривично дело – **Узурпација на недвижности;**
- **5** предмети за кривично дело – **Спречување на избори и гласање;**
- **4** предмети за кривично дело – **Спречување службено лице при вршење службено дејствие;**
- **6** предмети за кривично дело – **Напад на службено лице при вршење на работи на безбедноста;**
- **19** предмети за кривично дело – **Насилство;**
- **2** предмети за кривично дело – **Самовластие;**
- **2** предмети за кривично дело – **Злосторничко здружување;**
- **1** предмет за кривично дело – **Тероризам;**
- **42** предмети за кривично дело – **Недозволено изработување, držење и тргување со оружје или распрскувачки материи;**
- **1** предмет за крвично дело – **Скврнавење на гроб;**
- **7** предмети за крвично дело – **Предизвикување општа опасност;**
- **6** предмети за кривично дело – **Тешки дела против општата сигурност;**
- **21** предмети за кривично дело – **Фалсификување исправа;**
- **3** предмети за кривично дело – **Посебни случаи на фалсификување исправи;**
- **1** предмет за кривично дело – **Компјутерски фалсификат;**
- **3** предмети за кривично дело – **Помагање на сторител по извршено кривично дело;**
- **2** предмети за кривично дело – **Лажно пријавување на кривично дело;**
- **1** предмет за кривично дело – **Давање лажен исказ;**

- **1** предмет за кривично дело – **Незаконито влијание врз сведоци;**
- **1** предмет за кривично дело – **Повреда на тајноста на постапката;**
- **1** предмет за кривично дело – **Неизвршување на судска одлука;**
- **2** предмети за кривично дело – **Загрозување на сигурноста;**
- **1** предмет за кривично дело – **Нарушување на неповредливоста на домот;**
- **38** предмети за кривично дело – **Злоупотреба на службена положба и овластување;**
- **1** предмет за кривично дело – **Несовесно работење во службата;**
- **2** предмети за кривично дело – **Проневера во службата;**
- **1** предмет за кривично дело – **Измама во службата;**
- **14** предмети за кривично дело – **Примање поткуп;**
- **1** предмет за кривично дело – **Противзаконито посредување;**
- **1** предмет за кривично дело – **Фалсификување службена исправа;**
- **4** предмети за кривично дело – **Трговија со луѓе;**
- **24** предмети за кривично дело – **Криумчарење мигранти;**
- **2** предмети за кривично дело – **Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти;**
- **1** предмет за кривично дело – **Трговија со малолетно лице;**
- **30** предмети - **Прекршок – безбедност во сообраќајот;**
- **1** предмет - **Прекршок – Јавен ред и мир;**
- **4** предмети – **Прекршок – останати;**
- **1** предмет – **Прекршок – Закон за заштита на потрошувачите;**
- **1** предмет – **Прекршок – Закон за трговски друштва;**

Од вкупно решени **364 КВП** предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

- **292** предмети со **1 осудено лице;**
- **42** предмети со **2 осудени лица;**
- **16** предмети со **3 осудени лица;**
- **5** предмети со **4 осудени лица;**

- **3** предмети со **5 осудени лица;**
- **1** предмет со **7 осудени лица;**
- **1** предмет со **9 осудени лица**
- **3** предмети со **10 осудени лица;**

### 1.1.2.Начин на одлучување

**Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста-КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија е следна:

Вкупно во работа биле 96 предмети од кои 17 предмети останати од претходната година и нови предмети се 79 предмети.

Од вкупно решените **77** барања, **16** се одбиени како неосновани. Во уважените барања во **37** предмети укината е првостепената и второстепената пресуда, во **5** предмети е укината само второстепената пресуда, во **11** предмети е констатирана повреда на КЗ, а во **8** предмети е преиначена одлуката.

По апелациони подрачја **40** предмети биле од Апелациониот суд Скопје, **14** предмети биле од Апелациониот суд Битола, **16** предмети биле од Апелациониот суд Штип и **7** предмети биле од Апелациониот суд Гостивар.

Исто така, со 1 лице имаме **292** предмети, со 2 лица **42** предмети, со 3 лица **16** предмети, со 4 лица **5** предмети, со 5 лица **3** предмети, со 6 лица **1** предмет, со 7 лица **1** предмет, со 7 лица **1** предмет, со 9 лица **1** предмет и со 10 лица **1** предмет, а **вкупно осудени лица се 64**.

При ова, мора да се констатира дека барањата за заштита на законитоста споредени со минатата година, покажуваа пораст од скоро 60% и сите тие предмети во текот на извештајната година се решени од кои останале само **19** нерешени предмети.

**Состојбата на предметите во постапка на трет степен - ВКЖ** по жалби на пресуди на Апелационите судови е следна:

Од 2010 година останале нерешени **2** предмети, новопримени се **23** предмети, од кои 17 се однесуваат на жалби против решенија за продолжување на притворот, во **2** предмети жалбата е отфрлена, во **15** предмети жалбата е одбиена како неоснована, во **1** предмет е укината првостепена и второстепената

пресуда, во **4** предмети е преиначена одлуката, а останале нерешени **3** предмети на крајот на годината. Исто така и кај овие предмети се забележува зголемен број на предмети пред Врховниот суд на Република Македонија.

**Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - ВУК** е следна:

Од 2010 година останале нерешени **43** предмети, новопримени во 2011 година се **239** предмети, вкупно во работа биле **282** предмети од кои решени се **251** предмети, нерешени **31**, а по видот на одлуката **217** се одбиени, **30** уважени и **4** предмети се решени на друг начин.

**1.1.3.Траење на постапката**

Во однос на времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција, може да се констатира дека во 2011 година **ажурно се постапувало по сите видови предмети**.

Во Врховниот суд времетраењето на постапката **во 90%** случаи не траела повеќе **од 1 до 2 месеца**, а во исклучителни случаи **до 3 месеци**.

Меѓутоа, може со сигурност да се каже дека кај сите предмети, кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, исклучива причина е тоа што по овие предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

## 1.2.ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во 2011 година во **Одделот за граѓански дела** имало вкупно во работа **3.154** предмет, од кои **1.466** нерешени предмети останати од претходните години и **1.688** новопримени предмети. Решени се **1.132**, а останале нерешени **2.022** предмети. Во извештајната година во споредба со претходната година, решени се **96** предмети помалку. Во споредба со 2010 година кога биле примени **1.630** предмети, приливот на нови предмети во 2011 година е зголемен за **58** предмети. Бројот на решените предмети во извештајната година е намален за **7,8 %,** кога се решени вкупно **1.132** предмети, споредбено со претходната година кога биле решени вкупно **1.228** предмети.

На крајот на 2011 година споредено со 2010 година, бројот на нерешените предмети е зголемен за **357** предмети.






### 1.2.1.Структура на решени предмети

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2011 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ надомест на штета **248** предмети или **23,9%**, потоа по основ на долг **244** предмети или **23,5%,** работни спорови **236** или **22,8%,** сопственост и владение **124** предмети или **12%**, за поништување и раскинување на договор **116** предмети или **11%**, за неосновано збогатување **38** или **3,7%**, други спорови **20** предмети или **1,9%,** за издршка **5** предмети или **0,5%**, за развод на брак **3** предмети или **0,3%** и за станбени спорови **2** предмети или **0,2%.**

Споредбено со претходната година, бројот на ревизиите по кои се одлучувало по основи, бројот на предмети се движи во рамките на вообичаени бројки, освен по основот работни спорови, кој процентуално е намален.

### 1.2.2.Начин на одлучување

Ревизијата, како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети **3.154** кои биле во работа во 2011 година по ревизија биле **3.055** предмети, односно **96,9%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.036** предмети, односно **32,8%.**

Од решените **1.036** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **557**, односно **53,8%**, преправени **70,** односно **6,7%**, укинати **128**, односно **12,3%**, отфрлени **268**, односно **25,9%** и на друг начин решени се **13**, односно **1,2%.**

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60%**, во 2007 година **54,5%,** во 2008 година **49,2%**, во 2009 година **47,7%,** во 2010 година **59%,** а во 2011 година **53,8%**. Од овие бројки се гледа дека процентот на одбиените ревизии во 2011 година, како неосновани споредбено со претходната година е намален.

Состојбата кај **апелационите судови** по однос **на одбиените ревизии** во 2011 година изгледа вака:

- **Апелациониот суд Скопје** од вкупно **649** решени ревизии, **347** ревизии биле одбиени како неосновани или **53,5%**, отфрлени **174** или **26,8%**;
- **Апелациониот суд Битола** од вкупно **214** предмети, **129** ревизии биле одбиени како неосновани или **60,3%**, отфрлени **40** или **18,7%**;
- **Апелациониот суд Штип** од вкупно **103** предмети, **57** ревизии биле одбиени како неосновани или **55,3%**, отфрлени **27** или **26,2%**;
- **Апелациониот суд Гостивар** од вкупно **70** предмети, **24** ревизии биле одбиени како неосновани или **34,2%**, отфрлени **27** или **38,5%**.

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49** или **4,4%**, во 2004 година **31** одлука или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**, во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** во 2008 година **111** или **5,4%**, во 2009 година **118** или **7%,** во 2010 година **100** или **8,7%,** а во 2011 година **70** или **6,7%.** Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е намалено споредено со претходната извештајна година, но нема значителни промени на резултатите на Апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата на апелационите судови по однос на преиначени ревизии во 2011 година изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **649** решени ревизии, биле преиначени **45** или **6,9%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **214** решени ревизии, биле преиначени **14** или **6,5%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **103** решени ревизии, преиначени се **7** ревизии или **6,8%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **70** решени ревизии, преиначени се **4** ревизии или **5,7%**.

Причините за укинувањето на судските одлуки, гледано низ бројчаните показатели изгледа вака: од вкупно **128** укинати одлуки, по основ суштествени повреди на постапката се **108** или **84,3%**, а поради погрешна примена на материјалното право и со тоа нецелосно утврдена фактичка состојба **20** или **15,6%.** За утврдување на причините за ваквиот сооднос на укинати судски одлуки

треба посебно истражување. Без оглед на резултатите од истражувањето, неодминлив е впечатокот дека треба да се работи на подобрување на квалитетот во работењето.

Резултатите по однос на укинатите одлуки по Апелационите судови се следни:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **649** предмети, **76** се укинати или **11,7%;**

- **Апелационен суд Битола** од вкупно **214** предмети, **29** се укинати или **13,5%;**

- **Апелационен суд Штип** од вкупно **103** предмети, **10** се укинати или **9,7%** и

- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **70** предмети, **13** се укинати или **18,6%.**

**Одделот за граѓански дела** освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Така, предмети за **судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство,** биле во работа вкупно **109** предмети и од овие решени се **96** предмети, или **88%**, а останале нерешени **13** или **11,9%**. По овие предмети во 2011 година, одлучуваа два совета од по тројца судии.

### 1.2.3.Траење на постапката

Во 2011 година од вкупно решени **1.132** предмети, траењето на постапката

- над 6 месеци била кај **892** предмети,
- од 3 до 6 месеци кај **122** предмети,
- од 1 до 3 месеци кај **94** предмети и
- до 1 месец кај **24** предмети,

Најголем број предмети биле решени во времетраење на постапката од над 6 месеци поради истовремена ангажираност на судии од граѓанскиот одел и во други совети. Очигледно за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд споредбено со претходните години оди кон подобрување. Ваквата состојба е резултат на релативно големиот обем на работа, околност која се очекува значително да се подобри во наредната година.

## 1.3.ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Во Одделот за судење во разумен рок, во текот на извештајната **2011** година, вкупно во работа биле **2.098** предмети во двата степени на одлучување, од кои во текот на годината новопримени се **1.884** предмети, а од претходната година останале нерешени вкупно **214** предмети.

Во текот на извештајната година решени се **1.002** предмети и 3 предмети се решени на друг начин, а на крајот на годината во Одделот останале нерешени **1.096** предмети.







**Во Одделот за судење во разумен рок советите во прв степен** во извештајната година имало вкупно во работа **1.812** предмети, од кои **182** предмети останале нерешени од 2010 година, а во 2011 година новопримени се

**1.630** предмети. Од вкупниот број предмети во прв степен, решени се **735** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **1.077** предмети.

**1.3.1.Начин на одлучување на првостепените совети**

Следејќи ја работата на решавање на предметите на првостепените совети по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Од решените **735** предмети, **195** барања за заштита на правото на судење во разумен рок се уважени или **26,66 %**, **105** барања се одбиени или **14,28 %**, **433** барање се отфрлени или **58,91 %**, а **2** барања биле решени на друг начин, или **0,2 %**.

**1.3.2.Времетраење на постапката на првостепените совети**

Времетрањето на постапувањето на првостепените совети по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето во Врховниот суд до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

Од вкупно решените **735** предмети, во **31** предмети постапката е завршена до **1 месец**, во **230** предмети постапката е завршена за период од **1 до 2 месеци**, во **1844** предмети постапката е завршена за период од **2 до 3 месеци**, а од **3 до 6 месеци** – **212** предмети и за период подолг од **6 месеци** – **78** предмети.

**Во Одделот за судење во разумен рок, второстепениот совет** надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа имал вкупно **286** предмети, од кои **267** решени предмети, а останале нерешени **19** предмети и **1** предмет решен на друг начин.

**1.3.3.Начин на одлучување на второстепениот совет**

Следејќи ја работата на решавање на предметите на второстепениот совет по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Во текот на 2011 година во работа биле **267** предмети по жалба, од кои **47** жалби се уважени или **17,60 %, 205** жалби се одбиени или **76,79 %, 14** жалби се отфрлени или **5,24 %, 1** жалба е решена на друг начин односно **0,37 %.**







### 1.3.4.Времетраење на постапката на второстепениот совет

Времетраењето на постапувањето на второстепениот совет надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд до експедирање на второстепеното решение на подносителот на барањето.

Од вкупно решените **267** предмети, во **69** предмети постапката е завршена за период од **1 месец**, во **99** предмети постапката е завршена за период до **1 до 2 месеци**, од **2 до 3 месеци** - **69** предмети, од **3 до 6 месеци** – **25** предмети, а во **5** предмети постапката е завршена за период подолг од **6 месеци**.

## 1.4.СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СОВЕТИ

Во текот на извештајната 2011 година, вкупно биле во работа **1.348** предмети по жалби против пресуди на Управниот суд – **УЖП**, од кои **543** биле нерешени од претходната година и **805** новопримени предмети. Решени се **570** предмети, а останале нешени **778** предмети.




Во истата година во работа биле вкупно **36** предмети по жалбите против одлуки на Управниот суд по барањата за донесување на времени мерки – **УЖВМ** и сите се решени во текот на извештајната година.

Во 2011 година од претходната година биле останати нерешени **3** предмети по барања за заштита на законитоста во управната постапка – **УЗЗ** и **5** новопримени. Вкупно во работа биле **8** предмети, од кои **4** се решени, а останале нерешени **4** предмети.

### 1.4.1.Траење на постапката

Од вкупно решените **570 УЖП предмети**

- **2** предмета биле решени **до 1 месец**,
- **6** предмети биле решени **од 1 до 2 месеци**,
- **13** предмети биле решени **од 2 до 3 месеци,**
- **111** предмети биле решени **од 3 до 6 месеци**,
- **438** предмети биле решени **за период над 6 месеци**.

### 1.4.2. Начин на одлучување

Од вкупно одлучени **570** предмети по жалби против пресуди на Управниот суд – **УЖП**

- **жалбата е одбиена** во **320** предмети
- **жалбата е отфрлена** во **76** предмети
- **решени на друг начин** се **14** предмети

Од вкупно **160** предмети кои се уважени

- во **140** предмети **жалбата е уважена и одлуката е преправена**
- во **20** предмети **жалбата е уважена и одлуката е укината.**




Од вкупно решени **36** предмети по **жалби на времени мерки**

- **жалбата е одбиена** во **31** предмет
- **жалбата е уважена** во **4** предмети
- **жалбата е решена на друг начин** во **1** предмет

Од вкупно во работа барања за заштита на законитост **4**, **решени биле сите како одбиени**.

## II. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно со член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2011 година има одржано **10 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

**1. Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2010 година.**

**2. На проширена Општа седница во два дена се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2010 година.**

**3. На посебна седница усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работата на судовите во РМ во 2010 година.**

**4. Претседателот на судот прибави мислења од Општата седница во врска со Распоредот за работа на судиите во Врховниот суд на РМ за 2011 година.**

**5. Формирани се Совети за одлучување по 10 жалби, изјавени против решенијата за разрешување на судии, донесени од Судскиот совет на Република Македонија.**

**6. Дадени се предлози до Судскиот Совет на Република Македонија за времено упатување на вкупно 14 судии во други судови но не подолго од 1 година.**

**7. Општата седница расправаше по предлог Начелно правно мислење по правното прашање:**

**-"Различни одлуки на судовите од Апелационото подрачје Битола и Апелационото подрачје Скопје, во врска со примената на Законот за извршување и обезбедување единствена примена на истиот закон од страна на судовите".**

По ова правно прашање беа изготвени текстови за 4 предлог начелни правни мислења, но ниту едно не доби мнозинство од Општата седница.

8. Општата седница расправаше по предлог Начелно правно мислење

- "Судот, тужителот кој е уредно поканет да присуствува на рочиште за главна расправа, а кое е одложено поради штрајк на судска администрација, нема обврска да го повикува на наредно или некое подоцнежно рочиште и ако истиот не се јави пред судот, ќе се смета дека тужбата е повлечена согласно член 277 став 1 и член 280 став 1 од Законот за парничната постапка".

Ова предлог начелно правно мислење не е усвоено, бидејќи не доби потребно мнозинство од Општата седница.

9. Општата седница расправаше по реферат изготвен по поднесено барање за донесување на правно мислење – начелен став од адвокат од Скопје, Сојузот на синдикатите на Македонија и Агросиндикатот на Македонија.

По овој реферат, Општата седница донесе заклучок кој е објавен на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија.

10. Разгледана е Одлуката на Судскиот совет на Република Македонија за ориентациониот број на минимум предмети кои треба да ги реши судијата месечно во основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија бр.03-1677-10 од 28.12.2010 година, а по барање на Здружението на судиите на Република Македонија бр.01-0101/11 од 10.01.2011 година.

По оваа точка донесена е одлука за формирање на работна група од тројца судии.

11. Општата седница даде позитивно мислење за Упатството за начинот на објавување и пребарување на судските одлуки на веб страницата на судот, согласно Законот за управување со движењето на предметите во судовите ("Сл.весник на РМ" бр.171/10) поднесено од Министерството за правда на РМ.

12. Општата седница даде позитивно мислење по Предлог деловникот за изменување и дополнување на Судскиот деловник, согласно Законот за судовите доставено од Министерството за правда на РМ.

13. Општата седница одлучи по еден приговор на судија против одлука за распоред за работа на Претседателот на судот.

14. Општата седница одлучуваше по барање мислење од Претседател на суд во врска со прераспоредување на судија во друг оддел.

15. Именувани се двајца заменици на членовите на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители, и тоа еден заменик член од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија и еден заменик член од редот на судиите од другите судови во Република Македонија.

16. Општата седница расправаше по реферат по повод барање од 38 граѓани на РМ бр.03-1609/10-1 од 13.12.2010 година, во врска со прашањето за обештетување надомест за нематеријална штета и душевна болка поради претрпена загуба на близок член на семејството и ранетите и повредените припадници на безбедносните сили на Република Македонија во вооружениот конфликт во 2001 година.

По овој реферат Општата седница усвои заклучок кој е објавен на WEB страната на Врховниот суд на РМ.

17. Општата седница расправаше по предлог Начелно правно мислење

-"Второстепениот суд кога одлучува во втор степен согласно член 351 став 3 од ЗПП, со одржување на расправа не може во секој случај да ги отстрани сите суштествени повреди од член 343 став 2 од Законот за парничната постапка".

Предложеното начелно правно мислење не го доби потребното мнозинство од Општата седница.

18. Усвоени се измени и дополнувања на Упатството усвоено од Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, за содржината на констатациите и заклучоците на судиите известители на Врховниот суд на

**Република Македонија по рефератите на годишните извештаи на судовите во Република Македонија за Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.**

**19. Усвоена е Иницијатива на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија за утврдување начелен правен став по правното прашање дали Врховниот суд на Република Македонија е стварно надлежен суд да постапува по жалби изјавени против одлуките на Управниот суд, освен во случаите кои се предвидени во член 63 од Законот за управните спорови.**

**20. По правното прашање дали Врховниот суд на Република Македонија е стварно надлежен суд да постапува по жалби изјавени против одлуките на Управниот суд, освен во случаите кои се предвидени во член 63 од Законот за управните спорови, Општата седница усвои Начелен правен став кој е објавен на WEB страната на Врховниот суд на РМ.**

**21. Предложеното начелно правно мислење по иницијатива на Одделот за граѓански дела по правното прашање во врска со учествувањето на член на Управен одбор – Претседател, кој истовремено бил и градоначалник на Општина, во донесување на одлуките за отказ (престанок на работен однос) од деловни причини, дали е од влијание во правилноста и законитоста на престанокот на работен однос, не го доби потребното мнозинство на Општата седница.**

**22. Одлучено е по барањето за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на Република Македонија Уо.бр.11/11 и Уо.бр.14/11 од 26.09.2011 година, против пресудата на Управниот суд У.бр.215/10 од 2.09.2010 година и пресудата на Врховниот суд на Република Македонија Ужп.бр.968/10 од 13.12.2010 година.**

**23. Општата седница расправаше за утврдување предлог до Судскиот совет на Република Македонија за зголемување на бројот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија за 3 (тројца) судии.**

## СЕДНИЦА НА ОДДЕЛИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Сите судии на Врховниот суд на Република Македонија во текот на извештајната **2011** година, активно учествувале во работата и одлучувањето по предметите што се разгледувани по вонредни правни средства на Општа седница, како и во разгледување и одлучување по други материјали изнесени на Општа седница, седниците на судиите и седниците на одделите.

**Одделот за казниви дела** во текот на **2011** година расправал по разни материјали и информации што му биле дадени во надлежност за произнесување од Министерството за правда и други институции, по кои се заземени одредени становишта, а биле разгледувани и донесувани правни прашања по одредени прашања. На седници на одделот биле разгледувани и прашања кои биле доставени од апелационите судови.

Во текот на извештајната **2011** година судиите од Одделот за казниви дела, државните советници, советници и вишите соработници, активно учествувале и на повеќе конференции, семинари и советувања организирани од страна на Министерството за правда, Здружението на судии на Република Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители, Советот на Европа, ОБСЕ и други на следните теми - ”Извршување на пресуди на Европскиот суд за правата на човекот во домашните правни системи”, семинар на тема “Злосторничко здружување”, семинар за конфискација и проширена конфискација, изработка на правно мислење за поимот “помало количество”, согласно член 215 став 2 од Кривичниот законик, Тркалезна маса на тема “Поим на злосторничко здружување и разграничување од поимот група, банда или друга злосторничка организација”, семинар на тема “Вкрстени испитувања“, семинар на тема “Борба против организираниот криминал со посебен осврт на кривичното дело – Трговија со дрога и трговија со луѓе“ и други. Судиите од одделот оствариле студиски посети на Европскиот суд за правда во Луксембург, во Брно - Република Чешка, студиска посета на Француската академија за судии и јавни обвинители во Бордо и

студиски престој во Брисел. Судиите од овој оддел членувале во Управниот одбор на Програмскиот совет на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, Советот за заштита на сведоци, Едукатори во Академијата за обука на судии и јавни обвинители, членови на работни групи за изготвување на Правилник за снимање на главна расправа, за изготвување на Измени и дополнување на Кривичниот закон, Измени и дополнување на Законот за прекршоци, Правилник за казнена евиденција, за донесување на Судскиот Деловник и друго.

Во текот на **2011 година Одделот за граѓански дела** според Програмата за работа за 2011 година, редовно одржувал седници на кои се расправало за разни правни прашања кои произлегуваат од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои се договорени ставови, донесени правни мислења и заклучоци по истите.

Судиите од Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, како и учество на дел од судиите како едукатори во Академијата за судии и јавни обвинители, при што таквата нивна ангажираност немало негативно влијание за редовното работење на Одделот.

Остварени се и посебни работни средби со одделите за граѓански дела на Апелационите судови на кои, освен редовната размена на мислења по правни прашања, посебно е расправано за дилемите околу примената на Законот за парничната постапка.

**Одделот за судење во разумен рок во 2011 година** биле одржани две седници, на кои биле разгледувани актуелни прашања:

- Годишниот извештај за работа на Одделот за судење во разумен рок и негово усвојување;

- разгледување и усвојување на програмата за работа на Одделот;
- разгледување на прашањето за електронско водење на уписникот од седниците на кои се одлучува по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, утврдување на обврска за електронско прифаќање, враќање и верификување на предметите од страна на судиите;
- Била разгледана одлуката на Европскиот суд за човекови права од 03.11.2011 година, во врска со изјавените жалби на жалителите Гордана Аџиспирковска и други против Република Македонија и Илчо Топузовски против Република Македонија со која барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е прогласено за ефикасно правно средство;
- Донесени се заклучоци произлезени од одлуката на Европскиот суд за човекови права од 03.11.2011 година, а во врска со изјавените жалби бр.38914/05 и 17879/05 на жалителите Гордана Аџиспирковска и Илчо Топузовски; како и заклучок на Одделот во врска со заклучокот на Судскиот совет бр.07-1873/1 од 14.11.2011 година, да се достави до Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, заради разгледување на Општата седница на судот, а по претходно изготвен реферат од страна на Претседателот на Одделот за судење во разумен рок.

Судиите од Одделот за судење во разумен рок во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, како и учество на дел од судиите како едукатори во Академијата за судии и јавни обвинители, при што таквата нивна ангажираност немало негативно влијание за редовното работење на Одделот.

## IV. ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ И ДРУГИ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на **2011** година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **828** поднесоци (**УПП** - Уписник за претставки и поплаки, **УР 12** - барање за приоритетно решавање на предмети и други поднесоци и **СПИ** - Уписник за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Од вкупниот број на поднесоци, **143** се претставки и поплаки, **426** се барања за побрзо решавање на предметите, **243** се разни поднесоци и **16** се барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно **426** барања за приоритетно решавање на предмети, одобрил **103**, одбил **133**, додека пак за останатите, предметите веќе биле земени во работа. Од доставените **16** барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, **14** се позитивно одговорени, додека пак за останатите барањето за слободен пристап е одбиено со образложение дека Судот не располага со бараната информација.

По наведените основи, во **29** случаи до Судот се обратил Народниот правобранител, во **25** случаи Министерството за правда и во **7** случаи Судскиот совет на Република Македонија.

Претставките најчесто се однесуваат на долгото траење на постапките пред основните судови, како и на работата и однесувањето на поедини судии и претседатели.

По доставените барања по разни основи, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите, Законот за претставки и предлози, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија.

**ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Делегација на Врховниот суд на Република Македонија на покана на Европскиот правен центар (EPLO) и Светската Банка, присуствуваше на Меѓународна конференција одржана од 12 до 14 април 2011 година во Атина на тема "промовирање на судскиот сектор" во рамките на (JUST – PAL) судска мрежа.

Во периодот од 05 до 07 септември 2011 година, во Сараево на покана на Претседателот на Врховниот суд на Босна и Херцеговина, делегација на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на Втората регионална Конференција за претседатели на Врховните судови и Јавните обвинители за соработка во кривичните предмети.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на покана на Претседателот на Врховниот суд на Украина во периодот од 21 до 23 септември 2011 година, учествуваше на Конференција за претседатели на врховните судови на државите членки на Советот на Европа на тема "Воспоставување нови форми на соработка и намалување на бројот на предмети пред Европскиот суд за човекови права".

На покана на Претседателот на Врховниот Касационен суд на Република Србија делегација на Врховниот суд на Република Македонија, во периодот од 09 до 12 октомври 2011 година, учествуваше на традиционалното годишно советување "Судски денови 2011" во Златибор, Република Србија.

Делегација на Врховниот суд на Република Македонија на покана на Претседателот на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија во периодот од 15-16 Ноември, присуствуваше на Светскиот форум на тема "Глобалното наследство на МКСЈ" одржан во Хаг, Холандија.

Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:

- делегација на претставници од Програмата ОБДАТ од Вашингтон, УСАИД и Американската Амбасада во Скопје, со цел да се согледаат состојбите со владеење на правото и да се утврдат приоритетите во подготовките на примената на новиот Закон за кривична постапка.

- Амбасадорот на делегацијата на Европската комисија на Европската Унија во Република Македонија. Средбата беше посветена на презентирање на Прогрес извештајот за Република Македонија како и за поблиско запознавање со условите во кои работат судовите, начинот на кој судиите ја извршуваат својата функција, како и разгледување на идните главни предизвици во судската реформа со цел започнување на пристапните преговори за членство во Европската Унија.

- во рамките на меѓународната соработка која Академијата за обука на судии и јавни обвинители ја остварува со Правосудната Академија на Турција, делегација на Турската Правосудна Академија оствари посета на Врховниот суд на Република Македонија. За време на средбата, претставници на делегацијата на Турската Правосудна Академија, се запознаа со организационата поставеност на судскиот систем во Република Македонија, посебно со организацијата и надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија, а посебен интерес покажаа за работата за Одделот за судење во разумен рок.

- Амбасадорот на САД оствари протоколарна средба, со посебен осврт за напредокот на реформите во јакнењето на независноста и ефикасноста на судскиот систем, владеење на правото, во приближувањето на Република Македонија кон ЕУ и НАТО интеграциите.

- по барање на Уставниот суд на Република Македонија, делегација на Уставниот суд на Република Србија оствари посета на Врховниот суд на Република Македонија, со цел запознавање со организацијата и надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија и другите судови во Република Македонија. Воедно се разменија искуства од работењето на Уставниот суд на Република Србија по однос на примената на правното средство – Уставна жалба, како и за работењето на Одделот за разумен рок при Врховниот суд на Република Македонија.

## V. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1.**Во Врховниот суд на Република Македонија во **2011** година биле примени вкупно **7.524** предмети по сите основи. До крајот на извештајната година решени се вкупно **3.489** предмети од сите основи, а останале нерешени **4.034** предмети.

**2. Одделот за казниви дела** извештајната **2011** година ја завршил како ефикасен. Во 2011 година во работа биле вкупно **924** предмети. Во текот на годината решени се **785** предмети, а останале нерешени **139** предмети. Остатокот од **139** нерешени предмети, се должи на поголемиот прилив на предмети и административни пречки кои требало да бидат надминати, комплетирање на списи и друго.

**3. Во Одделот за граѓански дела** извештајната **2011** година ја завршил како ефикасен. Во 2011 година вкупно во работа биле **3.154** предмети. Во текот на годината решени се **1.132** предмети, а останале нерешени **2.022** предмета од вкупно примените во текот на годината. Споредено со 2010 година, бројот на нерешените предмети на крајот на 2011 година е зголемен за **357** предмети. Причината за ваквата состојба е што со Распоредот, дел од судиите покрај работата во Одделот, биле распоредени и постапувале по предмети и од друга материја и тоа во Одделот за судење во разумен рок како и во специјализираните совети по УЖП предмети по жалби против одлуки на Управниот суд; во совет по жалби на одлуки на Управен суд по член 15 став 5 и по барање за заштита на законитоста по член 18 став 4 од Законот за управните спорови, како и дополнителното упразнување на судиски места поради пензионирање и именување на судија за извршување на друга функција и фактот што приливот на нови предмети е зголемен за **58** предмети.

**4.Одделот за судење во разумен рок** извештајната **2011** година ја завршил како ефикасен.

Првостепените совети од вкупно **1.812** предмети во работа во текот на годината, решила **736** предмети.

Второстепениот совет кој е надлежен да одлучува по жалбите изјавени против првостепените решенија, во текот на годината имал вкупно во работа **286** предмети, решени се **268**, а останале нерешени **19** предмети.

**5.Специјализираните совети** во 2011 година работеле ефикасно.

Имале вкупно во работа по сите основи **1.348** предмети, а тоа се жалби против одлуките на Управниот суд, жалби против одлуките на Управниот суд по барањата за донесување на времени мерки и барања за заштита на законитоста во управна постапка. Од нив во текот на извештајната година, решени се **570** предмети, а останале нерешени **778** предмети. Од овие предемети **774** се предадени во надлежност на Вишиот Управен суд.

**6.**Врховниот суд на Република Македонија ќе ја продолжи праксата за донесување начелни ставови и начелни правни мислења и изработка на сентенци на одредени правни прашања, заради објавување на WEB страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Врховниот суд на Република Македонија и во иднина ќе овозможи одлуките на сите совети да бидат достапни до пошироката јавност преку објавување на истите на WEB страната на Судот.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**